Врз основа на член 52 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп , а во врска со Одлуката на Одбор на директори за свикување на Собрание на Акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп до Акционерите на друштвото се објавува

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/7-3
Прилеп 30.12.2024 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

За свикување на седница на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп

Член 1

СЕ СВИКУВА Собрание на Акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на ден 03.02.2025г

Член 2

Собранието ќе одржи во просториите на работничкиот ресторан при Тутунски комбинат АД Прилеп локација Прилепски бранители бр.85, Прилеп, со почеток во 12.00 часот.

Член 3

За седницата на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се утврдува следниот

## ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1. Избор на работни тела на Собранието
   а.Верификациона комисија од 3 члена
   б. 1 бројач на гласови
2.Избор на претседавач на собрание на акционери

**Работен дел:**

1. Донесување на Одлука за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници)
*-предлог одлука за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници*

Секој акционер е должен своето присуство да го евидентира во седиштето на Друштвото на ул. Прилепски бранители бр.85, Прилеп, најдоцна до почетокот на седницата на Собранието, односно до 12,00 часот.

Акционерите кои поединечно или заеднички поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за точката за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано се испраќа до Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во рок од 8 ( осум )дена, од денот кога е објавен Јавниот повик за одржување на седница на Собрание на друштвото, во еден дневен весник.

Акционерите можат да овластат полномошник на седница на Собрание со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај нотар.

Акционерот треба веднаш да го извести друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Сите информации во врска со точките на дневен ред акционерите можат да ги најдат на интернет страницата на друштвото www.tkprilep.com.mk.

Претседател на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7